- Советот за статистика на Република Северна Македонија претставува советодавно и стручно тело на државната статистика и директоно не учествува во подготовките, организацијата и спроведувањето на Пописот 2021 освен со својата советодавна улога. Советот за статистика го именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија од редовите на: Собранието на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Народната банка на Република Северна Македонија, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Економско социјалниот совет, невладините организации, стопанските комори и научните институции.

Во Државниот завод за статистика во моментов работат тројца (3) припадници на турската заедница – двајца со високо и еден со средно образование.

Комисиите за пописни реони ги формираше локалната самоуправа, односно градоначалниците на општините. Членови на комисиите се пред се секретарите на општините кои припаѓаат на соодветниот пописен реон како и други службеници на локалната самоуправа. Околу правичната застапеност, односно застапеноста на турската заедница, обратете се во локалните самоуправи.

Ако мислите на правичната застапеност во комисиите, одговоривме во претходното прашање. Ако мислите на застапеноста на етничките заедници меѓу попишувачите и реонските инструктори, таа структура е направена врз основа на податоците од Пописот 2002 година.

Државниот завод за статистика ги следи и применува законските одредби кои се однесуваат на примената на јазиците на зедниците. Во моментов, законска обврска е да објавуваме на два јазика – македонски и албански, и заради меѓународни потреби, и на англиски.

Во однос на пописните инструменти – пописната апликација е достапна на турски јазик и секој кој ќе побара, ќе може да се попише на турски јазик. Исто така, и Методолошко-техничкото упатство за учесниците во пописните активности е преведено на турски јазик и ќе ббиде достапно за попишувачите и реонските инструктори од турската заедница.

Промотивните материјали од кампањата за Попис 2021 – ТВ спот, радио-џингл и плакатите се преведени на турски јазик. Промотивниот материјал им е доставен на сите ТВ и радио станици со молба за нивно емитување бидејќи Државниот завод за статистика, како владина институција, нема законско право да закупува медиумски простор.